Ст.бр.18/2024

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за геодетски работи, трговија и услуги ГЕОДЕТ КОРУНОСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Кичево, по одржаната расправа, во присуство на Сопственикот Владо Коруноски од Кичево на должникот и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 03.09.2024 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за геодетски работи, трговија и услуги ГЕОДЕТ КОРУНОСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Кичево, со седиште: ул. „Мирко Милески" бр.15 Кичево со ЕМБС 6474080 и ЕДБ 4012009503423, основано 09.04.2019 година, со приоритетна дејност 71.12 Инжинерство и со него поврзано техничко советување, со трансакциски сметки со броеви: 240330361490252 при УНИ Банка АД Скопје и 380867722800179 при Прокредит Банка АД Скопје, СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението, УНИ Банка АД Скопје и Прокредит Банка АД Скопје, да ги згаснат трансакциските сметки на должникот а доколку има средства на нив, истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот – должникот, преку Сопственикот Владо Коруноски од Кичево на ден 26.07.2024 година, поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за геодетски работи, трговија и услуги ГЕОДЕТ КОРУНОСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Кичево, заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 03.09.2024 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на сметките должникот се блокирани повеќе од 45 дена.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 18/2024 од 03.09.2024 година.

Стечаен судија,
Илјаз Исмаили

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот – Сопственикот Владо Коруноски од Кичево, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар, УНИ Банка АД Скопје и Прокредит Банка АД Скопје.